ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Почна изградбата на пречистителната станица за вода за пиење со придружни објекти
- Премиерот Ковачевски во работна посета на Делчево
- Нов капитален проект за Делчево-реконструкција на водоводната мрежа во неколку населби во градот
- Се подготвува нова стратегија за родова еднаквост

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 29 ОКТОМВРИ 2022

## Почна изградбата на пречистителната станица за вода за пиење со придружни објекти




### Премиерот Ковачевски во работна посета на Делчево



### Нов капитален проект за Делчево-реконструкција на водоводната мрежа во неколку населби во градот



### Се подготвува нова стратегија за родова еднаквост



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 15 Седница на Советот на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево



Општина Делчево и за учебната 2022/23 година ќе доделува 28 ученички и студентски стипендии. Согласно со одлуките донесени на 15 Седница на Советот на Општината, условите остануваат непроменети, односно ќе се доделуваат 10 студентски стипендии во две категории и 18 средношколски стипендии во две категории: 4 студентски стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети и постигнале особени високи резултати со висина на стипендијата од 3.500 ден; 6 стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети, а потекнуваат од семејства со ниски месечни приходи со висина на стипендијата од 2000 ден; 8 стипендии за средношколци од 2,3 и 4 година кои учат во СОУ „М.М.Брицо" и постигнале особено висок успех со висина на стипендијата од 1.500 ден и 10 стипендии на одлични ученици кои потекнуваат од семејства со ниски месечни приходи со висина на стипендијата од 1.000 ден.

Советниците донесоа и одлуки со кои се дадоа на трајно користење на ЈКП „Брегалница" возило за компактирање со задно полнење ИВЕКО и 169 метални контејнери согласно со потпишаниот Договор меѓу Општина Делчево и Министерството за финансии.

Советниците го усвоија Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за воспитната 2021/2022 и Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за воспитната 2022/2023 година.

Покрај другите точки на Дневниот ред, советниците донесоа и одлуки поврзани со урбанистичко-планските документации.

На продолжението на Седницата на Советот, советниците го усвоија Ребалнасот на Буџетот за 2022 г. со одредени забелешки. Исто така, советниците усвоија одлуки за финансиска поддршка на КК „Патриот" во износ од 30.000 денари, како и на две физички лица за лекување на кои се одобрија по 10.000 денари.

# Започна изградбата на пречистителната станица за вода за пиење со придружни објекти

Актуелности




Со пригодна свеченост на која присуствуваа премиерот на Владата на РСМ, Димитар Ковачевски, министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, заменик-амбасадорот на Швајцарската Конфедерација во Скопје, Лусијан Егертер, претставници од фирми- парнтери во проектот и граѓани на Делчево, беше означен почетокот на изградбата на новата пречистителна станица за вода за пиење со придружни објекти во рамките на големиот Проект за подобрување на водоснабдувањето на Делчево.

Со реализацијата на проект се решава децениски проблем во Делчево и носи чиста вода за пиење во секој дом во Делчево и минимум загуби на вода, истакна во своето обраќање градоначалникот Трајковски.

– Проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“ се имплементира изминативе 4 години, период во кој се реализираа сите неопходни административни работи, но се работеа и елаборати, анализи, за да се најде најсоодветното решение за конечниот резултат-чиста вода за пиење и минимум загуби на вода. Паралелно, се гради нова водоводна линија во две делчевски села Габрово и Ѕвегор со што жителите за прв пат ќе добијат современ водоводен систем и ќе се приклучат на градскиот водовод. Во рамките на проектот влегуваат и изградбата на фотоволтаична централа и оперативна зграда со лабораторија, изградба на прекидна комора на главната доводна цевка од браната Лошана до станицата во с. Троботивиште, реконструкција на главната водоводна цевка од с. Трaботивиште до Делчево и реконструкција на бунарите во Делчево и с. Трaботивиште, како и реконструкција на резервоарот за вода во близина на с. Ѕвегор, истакна градоначалникот Трајковски.

Министерот Нуредини истакна дека Проектот за водоснабдување на Делчево има уште една многу важна компонента, за работа на пречистителната станица за вода ќе се





# Актуелности

Министерот Нуредини истакна дека Проектот за водоснабдување на Делчево има уште една многу важна компонента, за работа на пречистителната станица за вода ќе се користат најдобродостапните техники засновани на обновливи извори на енергија.
– Од аспект на МЖСПП сакам да нагласам дека интензивно се работи на поддршка и на другите општини за изградба на инфраструктура за водоснабдување и одведување отпадни води. Во моментот одобрени се средства во висина од 55 милини евра прекукредитната линија на ЕБОР. Наскоро ќе биде објавен јавен повик и средствата ќе бидат достапни за општините, истакна Нуредини.
Швајцарија долги години обезбедува стратешка поддршка на регионот на Брегалница, во износ од повеќе од 50 милиони CHF до денес.
-Како продолжение на оваа поддршка и посветеноста да им се помогне на жителите на општина Делчево, горд сум што Швајцарија одлучи да придонесе во напорите за подобрување на состојбата со водата за пиење. Очекувам за две години повторно да се собереме овде за да прославиме официјално пуштање во употреба на пречистителната станица заедно со граѓаните на Делчево, истакна заменик-амбасадорот Лусијан Егертер.
Оваа капитална инвестиција е само една во низата инвестиции за долгорочен развој на Република Северна Македонија, потенцираше премиерот Ковачевски, при што истакна и дека еден од столбовите на политиката на Владата е рамномерен регионален развој, затоа што секој град, секој регионот во државата заслужува да биде убаво место за живеење кое и понатаму ќе се живее во просперитет.
– Политиките што ги креира Владата се сопфатни и никого не изоставуваат, без разлика дали станува збор за проекти за развој на општините, за мерки за ублажување од енергетската криза. Од грижа за најранливите граѓани, за пензионерите, преку мерки за обезбедување на ликвидноста на стопанството, субвенционирање на струјата со 80% за над 600.000 домаќинства и над 72.000 мали потрошувачи фирми кои ги вработуваaат најголем дел од вработените во државата, до мерки за прехранбената индустрија за да се нмалат цените на основните производи, до поддршка за развојот на општините, мислиме на секого, затоа што сите граѓани за нас се подеднакво важни. Како Влада поддржавме инвестиции од над 250 милиони евра во општините, ќе го поправиме она што со децении не е направено, секој заслужува квалитетен живот, потенцираше Ковачевски.
Инаку, Проектот за подобрување на водоснабдувањето во Делчево, е вреден 7,3 милиони швајцарски франци. Од нив 6 милиони швајцарски франци се донација од Швајцарската Конфедерација, 1, 3 милиони швајцарски франци е инвестиција од Владата, преку Министерството за животна средина и просторно планирање, а 30.000 швајцарски франци е учество на Општина Делчево.





Актуелности

# Премиерот Ковачевски во работна посета на Делчево



Премиерот на Владата на РСМ, Димитар Ковачевски, во рамките на својата работна посета на Делчево, посети неколку стопански субјекти во Делчево, а заедно со градоначалникот Трајковски, направија и увид во текот на работите на капиталните проекти.

Ковачевски ги посети фирмите кои се брендови на Делчево, „Фротирка-Компани“ и АЛПИН КОМ. „Алпин Ком“ е домашна компанија која прерасна во една од најголемите фирми во дрвопреработувачката индустрија во регионот. Премиерот Ковачевски истакна дека новата инвестиција во фотоволтаична централа, е одличен пример за реализација на визијата за енергетска трансформација, и тоа во услови на криза. Фотоволтаичната централа е на површина од 35 декари, со моќност од 1,8 мегавати, за продажба на електрична енергија.

Ковачевски изрази задоволство од посетата на фирмата „Фротирка-компани“ при што истакна дека компанијата која постои 60 години на пазарот, а своите производи ги извезува во над 20 земји, континуирано инвестира во модернизирање на производството и лансира нови производи. Успехот на ваквите компании е и национален успех. Владата е тука да ги поддржува и следи во нивниот развој, што е важно за севкупната економија особено во овие кризни времиња, нагласи Ковачевски.

Во рамките на посетата, Ковачевски и Трајковски направија увид во градежните работи на новиот, модерен затворен пазар, со кој се исполнуваат критериумите за соодветно чување и продажба на храната. Овој пазар е важен и за продавачите и за купувачите во Делчево и регионот, посочи Ковачевски и истакна дека Владата инвестира во рамномерен развој во секоја општина и во секој регион подеднакво. Исто така, беше направен увид во текот на работите за реконструкција на водоводната мрежа, проект со кој по 50 години, Делчево добива модерна водоводна мрежа, со што ќе има стабилно снабдување со квалитетна вода за пиење, а загубите на вода за овој регион ќе се елиминираат.

# Нов капитален проект за Делчево-реконструкција на водоводната мрежа во неколку населби во градот

Актуелности




Деновиве започна со реализација проектот за реконструкција на водоводната мрежа во три населби во градот со вкупна должина од 4,5 км. Во моментов се работи на реконструкција на водоводната мрежа во дел од населбата Ново Делчево со должина од 1, 8 км, по што ќе следуваат работи на терен во населбата Милково Брдо, каде ќе се изврши замена на старата дотраена водоводна инсталација во должина од 2, 3 км, а ќе се реконструира и потисниот цевковод во должина од 450 метри.

Увид во работите на терен изврши градоначалникот Горан Трајковски кој потенцираше дека проектот е во насока на комплетна реконструкција на водоводната мрежа во градот.

-Реконструкцијата подразбира замена на старата дотраена водоводна мрежа со пвц-инсталации, што значи подобрување на квалитетот на водата за пиење и елиминирање на загубите на вода, превенирање на дефектите во водоводниот систем, а најзначајно е влијанието врз здравјето на луѓето, рече Трајковски.

Инвестицијата на проектот е 18,8 милиони денари. Дел од нив во висина од 15 милиони денари е инвестиција преку МТВ, додека 3,5 милиони денари е учество на Општина Делчево.

Градоначалникот Трајковски најави наскоро и реализација на друг проект, исто така, преку МТВ кој се однесува на реконструкција на водоводната мрежа на улиците „Солунска“, „Ванчо Прке“ и ул „Острец“ со вкупна должина од 800 метри. Инвестицијата е 3.1 милион денари.

Со реализацијата на овие проекти, водоводната мрежа во Делчево ќе биде над 90% со пвц-инсталации.

Актуелности

# Се реконструираат санитарните јазли во ООУ „Ванчо Прке“



Започна реконструкцијата на санитарните јазли во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево. Согласно со проектот, реконструкцијата предвидува промена на водоводната инсталација, поставување нова санитарна опрема и плочки во сите 12 тоалети во училиштето, а предвидена е и изградба на два тоалети за ученици со посебни потреби. Инвестицијата на реконструкцијата е на МОН, а вредноста е 6.608.000 ден.

Увид во градежните работи направи градоначалникот Горан Трајковски кој истакна дека со реализацијата на овој проект се решава горливиот проблем со санитарните јазли во училиштето, а значително се придонесува и за подобрување на хигиенските услови во училиштето.

-Реализацијата на овој проект е продолжување на досегашните инвестиции кои се во насока на осовременување на условите за работа во училиштето. Паралелно со реконструкцијата на санитарните јазли, со средства од Договор со ТАВ, интензивно се работи и на изградба на енрегетско-ефикасна фасада во ООУ „Ванчо Прке“, а се гради и комплетно нов кров во делот од училиштето оштетен од невремето. Нашата интенција како локална власт и со поддршка на централната власт и МОН е да направиме современи училишта, каде ќе има одлични услови за работа и за натпревар во знаења, истакна Трајковски.

Како што потенцираше директорот Горан Велков, училиштето прв пат ќе добие санитарни јазли наменети за ученици со хендикеп, а училиштето веќе изработува нов проект за инсталирање лифт со што ќе се овозможи полесен пристап до вториот кат од училиштето.





Актуелности

# Нова социјална мерка на Општина Делчево-поддршка за згрижувачки семејства




Општина Делчево од наредната година ќе воведе нова социјална мерка за поддршка на згрижувачки семејства со еднократен износ од 10.000 денари. Оваа иницијатива ја промовираше градоначалникот Горан Трајковски на промоцијата на згрижувачки семејства во Делчево, како дел од националната кампања „Подај рака-стани згрижувач" во организација на СОС Детско село, МТСП и Центарот за поддршка на згрижувачки семејства „11 Октомври".

Трајковски истакна дека оваа кампања е значајна и во насока на зголемување на свеста за згрижување деца и зголемување на бројот на потецијални згрижувачии.

– Во контекст на кампањата „Подај рака-стани згрижувач" и со цел да ја подигнеме свеста за згрижување деца и за што поголем број згрижувачки семејства во Делчево, Општина Делчево се вклучува во кампањата и како поддршка за семејствата кои згрижиле дете во Делчево, од наредната година ќе воведеме нова социјална мерка за исплаќање еднократен годишен надомест од 10.000 денари за згрижувачко семејство. Тоа е помош и поддршката од Општината за хуманите семејства кои ќе ја поддадат раката за да згрижат дете, на тој начин, ќе придонесеме децата да прдолжат да живеат во семејство, во заедница и во позната околина, истакна Трајковски.

Директорот на ЈУ МЦСР од Делчево, Благој Стоименовски, истакна дека во Делчево има едно роднинско згрижувачко семејство, но и две се заинтересирани да станат згрижувачи.

-Како Центар за социјални работиме ние ги поттикнуваме граѓаните да станат згрижувачи и тука сме заедно да го изодиме патот. Стоиме на располагање за сите информации, за сите потребни документи и за остварување на нивните права како згрижувачки семејства, потенцираше Стојменовски.

Марина Христовска стручен работник во Центарот за поддршка на згрижувачки семејства „11 Октомври" посочи дека целта на активноста е да се доближи формата на згрижување и да се запознаеме граѓаните со сите придобивки кои како згрижувачи ќе ги добијат.

# Одбележан 11 Октомври-Ден на востанието

Актуелности



Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 81 години од почетокот на антифашистичкото Востание, 11 Октомври. По тој повод, делегација на Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, претставници од Советот на Општина Делчево предводена од претседателот на Советот, Гоце Попов, како и претставници од институции, политички партии, здруженија на граѓани, се поклонија и свежо цвеќе положија на споменикот на паднатите борци во центарот на градот.

Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ преку реферат потсетија на приликите кои претходеа на Востанието, начинот на кој беше реализиран првиот вооружен напад во Прилеп и во Куманово, но се осврнаа и на значењето на Востанието, како важен момент во борбата за самостојност на македонскиот народ и сопствена држава.

# Во Делчево одбележан Денот на македонската борба



Со пригодна свеченост, Општина Делчево денеска го чествуваше Денот на македонската револуционерна борба, 23 Октомври. По тој повод, за значењето на овој празник, членовите од КУД „Гоце Делчев“ од Делчево подготвија пригоден реферат, а пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот, се поклонија и букети свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, како и претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

Инаку, 23 Октомври во историјата е запишан како ден на основањето на Македонската револуционерна организација. Согласно со историските податоци, на 23 октомври 1893 година во Солун се поставуваат основите на организацијата којашто ќе стане симбол на борбите на Македонците за слобода. Основоположниците биле: Христо Татарчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Антон Димитров и Христо Батанџиев. Овој датум, 23 октомври, симболизира континуитет на македонската борба за независност.

# Се подготвува нова стратегија за родова еднаквост

Актуелности



Преку проектот „Стој цврсто за родова еднаквост“ во организација на НОВ КХАМ, а финансиски поддржан од The Kvinna till Kvinna Foundation, комисиите за еднакви можности на општините Делчево, Пехчево и Берово започнаа со подготовка на новата стратегија за родова еднаквост и на новите акциски планови, како документи кои треба да помогнат за унапредување на состојбата со родовата еднаквост на жените и мажите во општините.

Во насока на зајакнување на капацитетите на членовите на КЕМ како фактор за сензибилизирање на граѓаните за родовата еднаквост, како чинител на локалниот економски и општествен развој, деновиве во Струмица се одржа првата обука наменета за членовите на КЕМ и на општинската администрација на која акцент беше ставен на интеграцијата на родовата перспектива, родово одговорно буџетирање, улогата КЕМ и креирање родовосензитивни политики на локално ниво.

Предавач на обуката беше доц.д-р Весна Поповска, универзитетска професорка.

Инаку, Општините Делчево, Берово и Пехчево со поддршка на НВО КХАМ и The Kvinna till Kvinna Foundation, ја изработија и првата Стратегија за родова еднаквост и акциските планови, документи кои ја дадоа насоката на работа на КЕМ во сферата на родовиот концепт и прашањата за родовата еднаквост во 4-те сфери: Човековите права и родовата еднаквост во областите политика, родово базирано насилство, економија, потоа партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики, едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените, како и институционален развој и организациско јакнење на комисиите за еднакви можности во регионот.

# Со розово за женското здравје

Актуелности



„Без разлика колку години имаат жените и колку се убедени дека тоа ним не може да им се случи- треба да практикуваат редовни прегледи-ехо и мамографија, бидејќи раното откривање на малигните промени на дојка се најдобрата основа за да се продолжи квалитетот на животот!“ Ова е порака која беше денеска испратена од настанот под наслов „Со розово за женското здравје“ со цел подигнување на свеста за ракот на дојка и промовирање на редовните прегледи, настан во организација на КЕМ на Општина Делчево со поддршка ЈЛБ „Илинден“, а по повод месецот на борба против ракот на дојка и светскиот ден на менопаузата.

Како што истакна заменик-координаторката за еднакви можности, Даниела Такева, во Делчево има многу успешни приказни.

-Има жени оперирани од рак на дојка пред 10, 15, 20 години, а денес имаат нормален квалитет на животот. За да бидете дел од ова семејство-одете на прегледи. КЕМ заедно со вас, ќе ги руши бариерите, но првиот чекор е на жената да оди редовно на прегледи, порача Такева.

Претседателката на КЕМ, Јасмина Ќурчиска, посочи дека на иницијатива на КЕМ во Делчево и со поддршка на Здравствениот дом, во Делчево за прв пат пред седум месеци е востановен редовен термин за ехо на дојка.

– Денес жените од Делчево можат да направат ехопреглед на дојка во Здравствениот дом, а мамографски рпеглед во М. Каменица што значи дека жените од нашиот град без многу малтретирање и без поголеми трошоци, можат да ги направат основните прегледи дома, нешто што не беше возможно претходниот период. Останува уште, свеста кај жените. Секоја да размисли за сопственото здравје и да врши редовни прегледи, истакна Ќурчиска.

За седум месеци во Здравствениот дом се направени околу 250 прегледи, а е дијагностициран рак на дојка кај 3 пациентки, додека кај 25 се дијагностицирани бенигни промени.

-Ракот на дојката е најчесто малигно заболување кај жената и најчеста причина за смрт. Во Р.С.Македонија годишно има околу 750 новодијагностицирани случаи, а бројот на починати на годишно ниво е 293. Со комбинација на ехо преглед и мамографија се постигнува точност во дијагнозата од 98%, со што дијагностицирањето во раната фаза и правилното лекување водат до 90% излекување од карцином на дојката, порача спец.д-р Андријана Илиевска-Велковски и додаде дека е задоволна од интересот кај жените во Делчево за прегледи, но ако има потреба ќе се дозволат и повеќе прегледи за ехо на дојка.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, потсети дека секоја 14 жена со рак на дојка е под 40 години, податок што треба да нè загрижи.

–Ракот на дојката е болест за која не смее да се молчи и боласт која не смее да се игнорира. Затоа се вклучуваме во оваа акција со цел да придонесеме за одбележување на месецот за борба против ракот на дојката. Со тоа сакаме да ја подигнеме свеста за оваа болест и да ги поттикнеме жените редовно да прават прегледи, рече Петровска.

На настанот беа поделени информативни флаери, розови машнички, а жените кои имаа потреба можеа да разговарат со спец. д-р Андријата Илиевска-Велковски.

Актуелности

# Активности по повод Светската недела на детето



Основните училишта, детската градинка и ЈЛБ „Илинден“ со низа активности во Делчево ја одбележуваат Светската недела на детето во Делчево.
На настан во организација на ЈЛБ„Илинден“ и детската градинка „Весели цветови“, присуствуваше градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски кој заедно со дечињата беше во посета на библиотеката, каде беше изложена детска литература, сликовници, збирки со басни, боенки и сл.
Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска истакна дека во библиотеката присуствуваа над 120 дечиња кои имаа можност да ги разгледаат и подоцна да ни раскажат за кои ликови од книгата знаат и која сликовница најмногу им се допаднала.
– На крајот од оваа наша убава и весела дружба, на дечињата од детската градинка им доделивме подароци– играчки, со кои се надеваме дека добро ќе се забавуваат и ќе цитираме една прекрасна мисла на Доситеј Обрадовиќ „Дајте им на децата насмевка, ќе ти ја дадат душата“, рече Петровска.
По повод Светската недела на детето, градоначалникот Трајковски посочи дека секоја година, првата седмица од месецот октомври им се посветува на децата, а Светската недела на детето е недела кога интензивно се зборува и се промовираат правата на децата.
– Вложувањето во децата е вложување во иднината, тие имаат право да живеат во демократско и хумано општество, да се воспитуваат и да учат со цел да се подготват за предизвиците во животот. Општина Делчево континуирано вложува во создавање подобри услови за раст и развој на нашите деца. Во Делчево, ќе се гради нова детска градинка, паралелно, со низа проекти, се подобруваат условите за работа и престој во основните училишта, се отвори сензорна соба во ООУ „Св.Климент Охридски“, а се изгради и инклузивно игралиште во ООУ „Ванчо Прке“ што значи водиме грижа за секое дете, бидејќи секое дете заслужува грижа и еднакви услови за едукација и интеграција, порача Трајковски.

Култура

# Ново детско катче во ЈЛБ „Илинден“



Во просториите на ЈЛБ „Илинден“ ставено е во функција детско катче, каде е поставено богатството од детска литература, надополнето со басни, сликовници и боенки. Во просторот наменет за децата поставени се нови рафтови за книгите, како и масички и столови.

Како што истакна директорката на библиотеката, Билјана Петровска, ова катче претставува волшебен портал до нови светови за децата.

-Кога ќе се трудиш да работиш домаќински, па и покрај сè, ќе заштедиш некој денар, па со него ќе направиш нешто корисно, не може да не се радуваш. Со оглед на тоа колку простор има ЈЛБ„Илинден“ или колку недостасува, мило ни е што, сепак, успеавме да направиме еден вид детско катче. Овој простор беше темен, некако натрупан и неискористен правилно. Од денес е светол, шарен, полн басни, сликовници, боенки и разни содржини за деца. Цениме дека ова катче уште повеќе ќе ги привлече децата кон книгите и на начин ќе ја засакаат книжевноста и ќе станат страсни читатели и редовни членови на библиотеката, истакна Петровска.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**